РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Бр.-Nr. 08 - 583/6
05. 09. 2023 год.-viti

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 56 седница одржана на 12.04.2023 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиската програма „Дизајн и менаџмент на технолошки процеси", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Технолошко - металуршки факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Дизајн и менаџмент на технолошки процеси" втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Технолошко - металуршки факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" Скопје, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).
2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2023/2024 година.
3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС кредити и со стручен назив: Магистер по технички науки - Дизајн и менаџмент на технолошки процеси / во меѓународен промет, стручен, назив: Master of technical science - Design and management of technological processes.

Научно - истражувачко подрачје: 2 Техничко - технолошки науки; Научно – истражувачко поле: Хемиско инженерство (209), Хемиска технологија (210), Регулација и управување со технолошки процеси (218), Технологија на фармацевтски производи (222), Индустриско инженерство и менаџмент (211), Животна средина (225), Научно – истражувачка област: 20900-Катализа и реакционо инженерство, 20901- Механички, топлински и сепарациони процеси, 20902- Анализа и синтеза на процеси, 20903-Математичко моделирање на процеси, 20904-Транспортни појави и процеси, 20905-Биоинженерство, 22500-Животна средина, 21801-Моделирање, симулација и анализа на комплексни контролни системи, 22203-Екстракција на фармацевтски производи

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 10 студенти.
5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

По предходно донесената Одлука бр. 02-126/17 од 26.01.2023 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Дизајн и менаџмент на технолошки процеси", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Технолошко - металуршки факултет, Универзитет „Св.Кирил и Методиј" Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.10-10/11 од 31.01.2023 година (наш бр. 08 -583/1 од 31.01.2023 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 54-та седницата одржана на 09.03.2023 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 - 583/3 од 02.05.2023 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност, Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 56-та седница одржана на 12.04.2023 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова